**Сашко Насев**

# “ЛИБРЕТО ВАГНЕР”

## или: “Патување низ последниот век”

***Непријатно е кога некој ти посветува***
***нешто. Затоа е најдобро да им се***
***заблагодариме на некои господа***
***што ќе ги има во следните сцени.***

**Скопје, лето девеесет и трето**

**Л И Ц А:**

Фјодор Достоевски, инспициент

Наполеон Бонапарта, пациент

Елена Тројанска, прабаба и пациент

Оскар Дивиот, пациент и демагог

Хомер, пеач и капетан на долгата лотка

Норма Џин, алијас Мерилин Монро-пациентка

**М А С К И**

ШАРПАЛНИНЕЦОТ СО ДВЕ ГЛАВИ, чувар на Ад

ЛУЃЕТО СО НОЗЕ ДО КОЛЕНА, тамошна полиција

МРТОВЦИТЕ ШТО ПЕАТ БЛУЗ, некои фини канибалисти

ДРУГИТЕ, пирати, дрвја, речна флора и фауна

**С И Л У Е Т А**

Рихард ВАГНЕР, испраќач на телеграми

# I – ПИЛАНАТА НА СМИСЛАТА ВО СОПСТВЕНОСТ НА ГОСПОДИН БЕКЕТ

*(Сценатa претставува рамно поле. На сред неа има едно дрво. Дрвото штотуку расцветало. Околу планини, шуми и морија. Во подножјето на планините, во предворјето на шумите и крај морската шир – наредени машини за сечење, бичење и обработка на дрвја. Од сценатa почнува да доаѓа музиката на "Холанѓанецот што лета" од Вагнер. Сценатa е празна. Под дрвото има само едно столче. На столчето седи Фјодор осветлен со еден сончев зрак. Брадата му е побелена. Наспроти него седнале останатите и слушаат музика. Од небото понекогаш паѓаат ѕвезди).*

## ФЈОДОР

*(Има туберкулозна кашлица)* Јас сега ќе ви зборувам низ микрофон. (Зема микрофон) Да се слушнеме подобро. *(Кашла)* Па… добри луѓе лека ноќ. Ноќите се тешки кога е топло. Вечерва сме дојдени да ги поздравиме нашите пријатели. Тие ќе бидат примени за членови на новото братство. Тоа се стари луѓе, но полни со живот. Потребни ни се. Без нив ние ќе немаме смисла. Верувајте иако многумина од вас ме знаат како познат руски писател и белосветски комарџија – јас, има еден Господ, *(се крсти)* во својата најдлабока суштина сум организатор на театарски приредби. Ги водам луѓето што седат, ете тука пред мене, и секаде сме биле, арно ама вечерва стигнавме за прв пат во земјата на Дионис! Него не го знаеме толку добро, ама тој си е наш. Наш и ваш иако често низ времето го менувал името. Постојат луѓе кои често си ги менуваат имињата. *(Кашла)* Но, јас да не должам многу, луѓево овде сигурно би сакале да ви кажат како ќе изведат една едночинка. Бидејќи пиланава во минатото беше сопственост на еден Ирец, познат како господин Бекет тие, едночинката во која станаува збор за смислата, запамтете господо и дами, за смислата на животот ќе ја одиграат во еден здив. Музиката што ја слушате е на друг господин кој не е Ирец, тој е господо и дами Германец. Г-дин Вагнер се вика. Го викаа Вагнер и порано и сега, а кога се збогати рацете ги ставаше во срчи за да му крварат. *(Се смее)* За творештвото му недостасуваше болка. Во рајот му беше многу убаво, ама другарите му беа во пеколот, и ќе признаете, таму

друштвото секогаш е подобро. *(Кашла)* Артистите, пардон, членовите на братството, на моето, на вашето братство господо и дами, сега ќе започнат и ќе ви се претстават, иако мора да се признае декане се баш претставителни.

*(Се смее. Оди и ја вклучува машина за сечење дрвја. Како стануваат артистите тој им дава по една секира и микрофон)*

**Х О М Е Р**
*(Го зема микрофонот и секирата и доаѓа под дрвото)* Ме викаат Хомер и јас сега ќе ви ја изведам едночинката за смислата сечејќи го дрвото што никнало во пиланата на господин Бекет.
*(Кон Фјодор)* Може да почнам?

**ФЈОДОР**
Чекај и другите да дојдат! *(На Норма)* Повелете мадам!

**НОРМА**
*(Во црвен фустан и бели чевли)* Мене сите ме знаете, ама не знаете дека Хомер е слеп и дека се разбира во целзиусови и фаренхајдови степени, азимути и мов. Тој е мојот омилен морепловец. И јас ќе го исечам дрвото, ама не знам дали можеби ќе си го скршам ноктето?!

**НАПОЛЕОН**
Со меч! – Со сабја ако треба ќе ви ги турпијам ноктите млада девојко. Ако ми кажете која е смислата на оваа драмска едночинка за смислата! Некој како да викна дека треба да сечам и јас.

**ОСКАР**
Смислата на драмата господине е во смислата на човековата душа.
Разбирате ли?

**НОРМА**
Кој е овој, тој до вчера не беше со нас?

**НАПОЛЕОН**

Ирец, го викаат Оскар. Хомосексуалец и демагог. Мислам дека е роднина на сопственикот на дрвото  господин Бекет и сака да го заштити!

**НОРМА**
Мене ми личи на њујоршки Евреин.

**ЕЛЕНА**
*(И се прикрадува)* Одличен е! – Знаете мојата немоќ и хормонална конституција ме натераа него да го пробам  додека пловевме по Ад. Да, Норма Џин тој е вистински љубовник. Екстатични се неговите мириси, а контрактични беа мускулите меѓу моите нозе кога ми раскажуваше за зелените полиња на Ирска. О, Господе, не го возбуди тоа што за мене се воделе војни, не, го возбудија,  моите брадавици. Зборуваше за ирска? *(На Фјодор што извадил карти и врти преферанс)* Господине Достоевски да почнеме?

**ФЈОДОР**
Ќе чекаме да зајде сонцето? *(Кашла)*

**ХОМЕР**
Зарем има сонце?

**ФЈОДОР**
Многу јако, ако започнеме сега ќе нема смисла нашата претстава за смислата! Да почекаме уште малку, знаете дека господин Бекет е мртов и нема кој да не избрка од пиланава.

***Пауза. Долга Пауза.***

**НОРМА**
*(На Наполеон)* Дали би сакале еднаш да си ги измениме улогите?

**НАПОЛЕОН**
Како мислите?

**НОРМА**
Па ете, наместо вие, јас да го исечам дрвото, а вие да ја играте Изолда во операта Тристан и Изолда од РихардВагнер!

**НАПОЛЕОН**
Не ми е познато. Можеби ќе се налути Фјодор? Вие мирисате на сено!

**НОРМА**
Ќе се лутите Фјодор?

**ФЈОДОР**
Не, се плашам да не го изгубиме концептот. Без концептот ќе ја изгубиме смислата. Ме разбирате ли?

**ХОМЕР**
А да ги исклучиме машините. Ќе ви отпеам една песна. Жална песна.

**ЕЛЕНА**
Да ги исклучиме, јас сакам жални песни. Тоа е толку возбудливо!

**ФЈОДОР**
Сепак да почекаме да зајде сонцето!

***П а у з а***

**НАПОЛЕОН**
*(Скокнува наеднаш и почнува да командува на некоја замислена армија)* Мирно- никој да не мрда! Кријте се под земја. Паѓаат ѕвезди, земјата се отвара.

**ЕЛЕНА**
Што стана со нас?

**ОСКАР**
Господине смирете го, ова нема никаква смисла. Иако е ова тоа што е сепак не сме толку мрднати како овој!

**ФЈОДОР**
*(Вади од палтото учителско стапче)* Смири се ти!
Ееej, не си дома вака да се глупираш. Ако е театар, тогаш е театар, ако е дома тогаш е дома. А ако е историја, тогаш… ебаго, *(гледа кон небото)* да почекаме ние уште малку да зајде сонцето?!

**ХОМЕР**
Ти Фјодор немаш ниту малку обѕири кон публиката, Се што можат да си помислат за нас. Изведуваме некои трикови, а сево ова нема смисла човеку!

**ФЈОДОР**
*(Ги исклучува машините)* Ете, имам обѕири. Ако ви е здодевно одиграјте нешто од Петер Вајс, а ако и тоа ви е здодевно ти Норма можеш да отпееш една песна додека заоѓа сонцето.

**ОСКАР**
А останатите? На што ви личиме ние? – На придружни вокали?

**ФЈОДОР**
Море крши глава! – Девојчето пее многу убаво. Ајде Норма! Пеј!

**ХОМЕР**
*(Почнува да плеска)* Норма, Норма, Норма… *(Норма го зема микрофонот, се качува на столчето на Фјодор и почнува да ја пее тажната британска мелодија "Јестрдеј" од Битлси.)*

**ФЈОДОР**
*(На Елена)* Те пали момичево? Не се пипај меѓу нозе море ќорав *(на Хомер),* вие Старите Грци, на се убаво свршувате, а?

**ЕЛЕНА**
Ред е и ти да се истушираш варварину!

***Сцената полека се затемнува. Гласот на Норма во мракот. Ја довршува песната.***

## ВТОРА СЛИКА НА ИСТА СЦЕНА

***Истите без Фјодор. Елена и ја плете косата на Норма во плетенка. Хомер ја лади со ладало, а Оскар и Наполеон играат џамлии.***

**ОСКАР**
До кога ќе го чекаме Русинот?

**НАПОЛЕОН**
Руcите секогаш  треба да ги чекаме, инаку ќе биде густо!

**ОСКАР**
Да, но до кога?

**НОРМА**
Вие Ирците знаете да ја чекате слободата!

***Смеа***

**ХОМЕР**
Далеку е поштата!

**ОСКАР**
Сигурен си ти дека отиде во поштата?

**ЕЛЕНА**
Па телеграми не се испраќаат во самопослуга!

**ОСКАР**
Кому па тој има да праќа телеграми! Сигурно се запил вотка во некоја крчма!

**НАПОЛЕОН**
Пиел не пиел, сонцето сé уште не е зајдено!

**ОСКАР**
Нема ни да зајде ако го чекаме Русинот! Јас предлагам да тргнеме ние без него!

**НОРМА**
Никој од нас не го знае патот низ минатиот век освен Фјодор Михајлович, да  го почекаме!

***П а у з а***

**ХОМЕР**
Го слушате Вагнер?

**НОРМА**
Понекогаш, да прејдеме на ти!

**ЕЛЕНА**
Јас го слушам!?

***Втрчува Фјодор забревтан.***

**НОРМА**
Што се случило?

**ФЈОДОР**
Добив телеграма, видете, *(Им ја дава)* Мора да продолжиме понатака. Овде сонцето никогаш нема да зајде и дрвото нема да можеме да го исечеме. Нашата претстава за смислата на драмата ќе нема никаква смисла. Мора да се качиме на лотката и да запловиме до следното пристаниште. Хомер спремен ли си?

**ОСКАР**
Толку време те чекавме ова да ни го кажеш?

**ФЈОДОР**
Што да правам, така пишува во депешата!

**ОСКАР**
Ти си чукнат!

***Смеа. Општа смеа.***

## II. ЈАРБОЛОТ НА ИЗГУБЕНАТА НАДЕЖ И СМИСЛАТА НА КОШМАРОТ

***Сцената претставува река. На површината плови лотка. Има јарбол. Едрото е распнато и го вее музиката на Вагнер. На палубата има кормило. Хомер го вози. Наполеон и Оскар веслаат со долгите весла, а Фјодор со кофа исфрла вода назад во морето. Елена и Норма прават скара. Барбикјѕ парти.***

**ХОМЕР**

Фјодор, качи се на јарболот и види дали има некој друг во близина?

**ФЈОДОР**
Разбирам капетану! *(Се качува. Вади дулбија, гледа)* Сé е нормално капетану. Водата е шарена, дрвјата се јадат меѓу себе, а гејзерите рикаат како ранети лавови!

**ХОМЕР**
Се приближуваме до земјата крај реката Ад. Наскоро ќе наидеме на сијамскиот близнак. Шарпланинецот со две глави ќе бара да му се плати такса!

**НОРМА**
Да му дадеме од плескавиците?

**ОСКАР**
Дајте му од вашите, јас сум гладен. Да веслаш четири години без одмор не е лесно!

**НАПОЛЕОН**
*(Забрефтан)* Не е ни толку тешко.

**ХОМЕР**
Мораш да престанеш да веслаш толку длабоко Бонапарта. Се вртиме во круг заради тебе!

**НАПОЛЕОН**
Не, туку дебелиов треба да весла побрзо!

**ОСКАР**
Моите раце се многу  нежни.

**ЕЛЕНА**
И моите!

***Од длабочините на реката излегува Шарпланинецот*.**

**ШАРПЛАНИНЕЦОТ**
Стој, кој е? Кој иде?

**ХОМЕР**

Ние, Фјодор дај му малку сланина да се скроти кучето!

**ШАРПЛАНИНЕЦОТ**
Кои сте вие?

**ХОМЕР**
Ние сме од лотката што плови низ минатиот век. Јас сум Хомер. Останатите се артисти!

**ШАРПЛАНИНЕЦОТ**
Лира по човек. За лотката три лири!

**ФЈОДОР**
Да ми се фатиш за грошов!

**ШАРПЛАНИНЕЦОТ**
Не те слушнав добро, што рече?

**ФЈОДОР**
Реков, нема проблем – Оскар плати му!

**ОСКАР**
Јас ќе си платам само за себе. *(Вади ӣара му ја дава на* шарпланинецот. Овој му ја гризнува раката и му ја држи во челуст.)
Оф леле ме изеде кучево!

**ХОМЕР**
Дај му уште пари ќе те пушти, ако не, ќе останеш без твојата нежна рака!

***С м е а***

**ОСКАР**

***(Му ӣлаќа)***

**ШАРПЛАНИНЕЦОТ**
Одете сега слободно! Кога ќе дојдете на копно кажете им на полицајците со одгризнати стопала дека злато сте дале. А ти Русину на враќање застани да играме малку покер.

**ФЈОДОР**
*(Се смее од јарболот)* Не ме пуштаат од дома да играм покер, а знаеш дека и онака ќе ти карам се!

**ШАРПЛАНИНЕЦОТ**
Ако, така ќе имате пари да се вратите пак на моја река! Сега останете со здравје. *(Загњурува, го снемува под шарената вода)*

**НАПОЛЕОН**
Ништо не се менува!

**ОСКАР**
Што рече?

**НАПОЛЕОН**
Веслај! – Реков веслај!

**НОРМА**
Скарата е готова, дојдете да ручаме! Сакате со сенф или со кечап.

## ВТОРА СЛИКА ОД ИСТАТА СЦЕНА

***Сите со крпи како лигавчиња со залаци во устите. Фјодор јаде на јарболот. Ги заробиле трите човечиња со нозе до колена. Тоа се полицајци со очила за сонце, а имаат и шмајзери.***

**ПРВИОТ**
*(На Фјодор)* Симни се доброволно да не биде како минатиот пат? Ако се качам горе ќе те фрлам на рибите со рогови и остри заби што викаат "њам-њам"!

**ФЈОДОР**
Ќе ми се фатиш за остриов!

**ПРВИОТ**
Што рече не те слушнав?

**ХОМЕР**

Рече во ред е, Шарпланинецот кажа да кажеме дека злато сме дале. Како што е ред - вам ви должиме по едно парче од нашите души.

**ВТОРИОТ**
Мене две! Минатиот пат Русинот ми избега и останав без душа. Заради тоа цела година имам пролив! Црева истурив!

**ОСКАР**
Што имате?

**ВТОРИОТ**
Течен измет! дијареа! Дехидрирав!

**ОСКАР**
Имам и јас. Цел живот. Ние сме така сродни души. Ќе ви дадам дел од мојата душа! *(Кине дел од душата)* Еве ви господин полицаец, парче уметност, Ирска Душа со светски манири!

**ВТОРИОТ**
*(На првиот)* Ако има и тој  течен измет како ќе го излечам својот?

**НАПОЛЕОН**
Клин со клин се избива војводо!

**ПРВИОТ**
*(На Третиот)* Зема парче душа  од женските?

**ТРЕТИОТ**
Земав, чисти се. Едната е девица!

**ПРВИОТ**
Истата?

**ТРЕТИОТ**
Лудата, што разкажува дека се воделе војни заради неа! Меѓу Троја и Атина!

***Полицајците се смеат.***

**ФЈОДОР**
Сакате да ви дадам интервенозно или ќе ми ја испиете душата наместо чај?

**ПРВИОТ**
Што рече?

**ХОМЕР**
Рече тој нема душа, па јас ќе ви дадам и од мојата стара душа и за него!

**ПРВИОТ**
Давај побрзо и да одиме. *(Хомер му дава душа)* Кога ќе стигнете кај мртовците што пеат блуз кажете им дека сега и ние имаме дел од вашата душа и дека златото е дадено на Шарпланинецот. Тие знаат како треба, а знаеме и ние и вие. Збогум!

***М р а к***

**ФЈОДОР**
Да ми се фатиш за душманов!

**ПРВИОТ**
Што рече?

**ХОМЕР**
Да му се фатиш! За душманот!

***Смеа. Општа смеа!***

## ТРЕТА СЛИКА ОД ИСТАТА СЦЕНА

*Поле со гробишта. Има крстови и обични муслимански гробишта. Еврејски нема. А нема ни индијански. Јарболот на лотката доплловил на средина. Фјодор стои на врвот. Хомер зад кормилото, а останатите го собираат едрото.*

**ОСКАР**
Го слушате Вагнер?

**НАПОЛЕОН**
Не, јас сум наполно глув. Знам да  читам од уста, а вие?

**ОСКАР**
Како во гробница!

**ХОМЕР**
Ќути будало, ако се разбудат мртовците што пеат блуз ќе плати некој со својата глава!

**ФЈОДОР**
*(Се закашлува од јарболот, грозно кашлање)* Извинете сите. *(Кон останатите)* Се надевам не ги разбудив.

**НОРМА**
*(Седи на главата на лотката и си ги лакира ноктите. Потпевнува тивка мелодија. Елена седи до неа и ја гледа. Јаде банана. Одеднаш како комета се исправа пред нив Висок мртовец што пее блуз кога зборува)*

**МРТОВЕЦОТ**
*(Пеејќи)* Добредојдовте, што правите, арни ли сте?

**НОРМА**
*(Спискува од страв и побегнува кај Фјодор во прегратки)*

**МРТОВЕЦОТ**
Дојди мила стигнаа живите што ќе ги јадеме *(Тој пее, постојано пее)* Дојди мила, види ги!

**МРТВАТА**
*(Пеејќи)* Добредојдовте, леле мили вкусно звучат!

**МРТОВЕЦОТ**
Да мила, о да мила, вкусни се!

**МРТВАТА**
Сакаш тас кебап, мусака или живи ќе ги јадеме?

**ХОМЕР**
Стој! – Запри добра жено, отпеа неколку погрешни ноти!

**МРТОВЕЦОТ**
Повтори го тоа ако смееш?

**НАПОЛЕОН**
Хомер не мислеше ништо лошо!

**МРТВАТА**
Да ги јадеме мажу мој па потоа да спиеме, попладне најубаво се дреме со полно меше! Да апнеме човечко малку, те молам?

*Мртовецот и Мртвата пеејќи блуз почнуваат да ги јадат нашите пријатели.*

**ФЈОДОР**
*(Се дере од јарболот)* Веслај Оскаре, веслај побргу! Мораме да побегнеме од гробиштата крај реката Ад ако сакаме да останеме горе- долу здрави и живи! Веслај Оскаре, веслај! Побргу, побргу …

**ОСКАР**
Веслам Фјодоре, веслам! Побргу, побргу …

## ЧЕТВРТА СЛИКА ОД ИСТАТА СЦЕНА

*Лотката со бродскиот јарбол. Едрото е распнато. Спокојно пловат по површината на шарената вода. Фјодор и Норма ги превиткуваат ранетите. Хомер нема рака, а Оскар нема глава.*

**ФЈОДОР**
Ова веќе не се издржува брате Хомере. Со секое ново патување во минатиот век се повеќе се разжалостува ситуацијата. Види го дебелиот  Ирец остана без глава!

**ХОМЕР**
Знаеш дека повторно ќе му никне. Нека не те загрижува тоа!

**ФЈОДОР**
Знам дека ќе му никне глава повторно ама глетката е ужасна!Главата сама ќе си никне напролет!

**ХОМЕР**

Не е толку страшно младичу! – Замисли да му останеше само главата без тело?

**ФЈОДОР**
Тоа е толку страшно, тоа дури и јас не можам да го замислам!

***П а у з а***

**ЕЛЕНА**
Толку е тивко без убавиот Оскар. Му кркорат цревата, како ќе јаде без глава?

**НАПОЛЕОН**
Кркори и проклетиот Рихард Вагнер, го слушате?

**СИТЕ**
Да!

***П а у з а***

**ФЈОДОР**
Ќе мора да се вратите меѓу луѓето во идниот век Хомере и да почнеме да даваме претстави. Нормални претстави. Љубовни, трагедии, со заплет! Последната беше катастрофа. Ужасна фарса. А и телеграмата упропасти сé. Ќе мора да се вратите назад во идниот век. Ти што мислиш?

**ХОМЕР**
Само ти го знаеш патот! Води не, овде мириса на сено. Мразам сено. А и сомнителна ми е планетава Земја!

*Лоткаша со бродскиош јарбол и расџнашошо едро џолека ошџловува од сценаша. Се слуша само Ваѓнер.*

## III. ПРИКАЗНА ЗА ДРЖАВАТА ШЕКСПИР И НЕЈЗИНИОТ ГЛАВЕН ГРАД ЕЛСИНОР

*Сценаша џрешсшавува замок од XIV век.Неколку череџи и забиени сабји во земјаша. Едно маѓаре џасе шрева, а наоколу мачки жално завиваащ џод џрозорциџе на замокош. Има мало*

*езерце околу тврдината и подвижен мост низ кој јаваат брзите коњаници. Во езерцето потопена лотката на капетанот Хомер. Јарболот се гледа до половина. Едрото е скинато. Нашите пријатели стојат пред една закачалка со костими кои се користеле во театарот “Глоб”. Фјодор шета ваму-таму.*

**ФЈОДОР**
Ми престана кашлицата. Климата овде е блага и ми одговара. Дишам со полни гради и тахикардии немам повеќе. Да драги мои, јас што сум пишувал за демони и идиоти, за злосторства и казни, за разни двојници, браќа и коцкари - токму јас стојам овде пред портите на главниот град Елсинор на земјата Шекспир и се клањам (*Повлекува длабок дим од цигарата)* Не оти е за клањање, ами оти вечерва артистите од младото братство ќе ја изведат едночинката “Хамлет”. (*Вади список*) Со таа цел во намерата да ве засмеат и разонодат во главните улоги ќе ги видиме, аплауз, господо и дами, ќе ги видиме – Бонапарта како Хамлет, побрзај Бонапарта со чизмите и поклони се …

**НАПОЛЕОН**
(*Ги навлекува чизмите и се поклонува*)

**ФЈОДОР**
Норма како Офелија, негова несудена жена и Гертруда како Елена, пардон обратно, значи Елена како мајка му на Хамлет и негова тајна Љубовница. Ајде поклонете се и вие две! (*Се поклонуваат*) – Така, и за крај, Хомер како кралот, чичко на Хамлет и маж на Гертруда! Хомер поклони се и ти *(Се поклонува)!* Од технички причини, наместо Оскар во улогата на Хамлетовиот убиец Лаерат, ќе настапам јас, еве се поклонив, а Оскар ќе биде суфлер, затоа што сите го знаеме текстот. Оскар, не ме слуша, (*Го фаќа телото на Оскар*) ете се клања и Оскар да не е покусо за една глава. Да започнеме. Фанфари, дајте фанфари … (*се слушаат фанфари) ...*одлично. Бонапарта може … сега! Почнувај!

**НАПОЛЕОН**
(*И приоѓа на Елена)* Добро мајко мила ќе ми кажеш ли ти на мене кој го уби тате или не ми кажуваш?

**ЕЛЕНА**

Под еден услов, ако го оставиш она момичето без гради!

**НАПОЛЕОН**
Офелија има добри … нааа … бабачко! – Кажи ти што јас те прашувам! (*Ја стиска за рака)*

**ЕЛЕНА**
Пушти ме - си поулавел!

**НАПОЛЕОН**
Не сум улав драга мамо, ноќе имам ноќни мори дење се дрогирам. Доаѓа духот на тате и ми вика (*Завзема поза како дух кој заплашува)* "бууу Хамлет … да ја прашам мајка ти што се случи оти во гробот се превртувам!" – Ете тоа ми го вика и јас сега сум ненаспан и те прашувам: Кој го уби тате?

**ЕЛЕНА**
Никој, умре од природна смрт!

**ФЈОДОР**
Погласно Елено, ништо не се слуша! Публиката зева во салонот!

**ЕЛЕНА**
Никој не го уби тате, умре од природна смрт!

**ХАМЛЕТ**
Сигурна ли си?

**ЕЛЕНА**
Да, а сега оди и измиј ги забите, труеш на вино и на кокаин!

**НАПОЛЕОН**
Тоа ќе му го кажам на тате. Збогум! (*Се повлекува на страна)*

**ХОМЕР**
(*И приоѓа на Елена)* Зошто трепериш драга жено? Зошто ти се тресе снагата?

**ЕЛЕНА**
Беше тука Хамлет, мажу мој!

**ХОМЕР**
(*Мириса низ воздухот)* Се чувствува дека бил, беше ли пијан?

**ЕЛЕНА**
Не, ме измачуваше со она одвратно прашање! – Кој го уби тате, кој го уби тате? Не можам веќе да издржам!

**ХОМЕР**
Дали се сомнева во нешто?

**ЕЛЕНА**
Не се сомнева во ништо! Офелија му го заматила умот. Нема време да се сомнева. Нареди да ја обесат Офелија кралу!

**ХОМЕР**
Не, тоа никако не, мила женичке. Така ќе ја открие заверата твојот син. Мораме да бидеме претпазливи.

**НОРМА**
(*Ги слуша последните зборови на Хомер)* Добар ден кралу … кралице

**ЕЛЕНА**
Пих … кралу јас ќе одам да си прилегнам, дојди ќе те чекам во нашето љубовно гнездо! (*Си оди)*

**ХОМЕР**
Што слушна ти мала чумо?

**НОРМА**
Вагнер, го слушам РихардВагнер!

**ХОМЕР**
*(Изнервиран)* Кој го слушаш?

**НОРМА**
Ништо не сум чула кралу за вашата завера, чесен збор!

**ХОМЕР**
Добро, оди сега имам важна работа!

**НОРМА**
Но, вие треба да си одите Кралу,вас ве чека кралицата …

**ХОМЕР**
Да, да. Збогум! *(Си оди)*

**НАПОЛЕОН**
(*Влегува свирејќи на фрула)* О, тука си мила! … Колку е долга твојата коса и како ти светат очињата. Бакни ме срцка!

**НОРМА**
*(Го бакнува)* Имам нешто важно да ти кажам принцу!

**НАПОЛЕОН**
*(Се замислува)* ... текст! Кажи ми текст суфлеру, го заборавив текстот!

**ФЈОДОР**
Суфлерот нема глава, продолжи со сопствен текст!

**НОРМА**
Имам нешто важно да ти кажам принцу!

**НАПОЛЕОН**
Да не си трудна?

**НОРМА**
Скраја да е, нешто друго!

**НАПОЛЕОН**
Не ме сакаш повеќе?

**НОРМА**
Не принцу, јас тебе те сакам повеќе и од татко ми … туку слушнав дека се спремала завера!

**ХАМЛЕТ**
Се спрема завера! – Против кого?

**НОРМА**
Не знам, кралот рече дека ти не смееш да ја откриеш заверата.

**ХАМЛЕТ**
Тоа е чудно, ќе одам да ја прашам мајка ми …

**НОРМА**
Застани, еве го брат ми доаѓа на коњ!

**ФЈОДОР**
Ти сестро бегај  брзо дома, ваш понизен слуга принцу!

**ХАМЛЕТ**
О, Лаерте колку убаво палто имаш! – Дај ми малку да го поносам. Знаеш дека облеката го прави човека.

**ФЈОДОР**
Повели принцу! – Офелијо што ти реков тебе?

**ХАМЛЕТ**
Послушај го брат ти, помала си …

**НОРМА**
Збогум! (*Си оди)*

**ХАМЛЕТ**
Да не имаш нешто за пиење Лаерте?

**ФЈОДОР**
Имам (*Му ӣоддава ӣлоска)* каква е?

**ХАМЛЕТ**
Коска! *(наӣеīа)*

**ФЈОДОР**
Дај ми и мене малку да пивнам принцу!

**ХАМЛЕТ**
*(Му ја враќа ӣлоскаӣа, ӣразна)*

**ФЈОДОР**
Што има ново?

**ХАМЛЕТ**
Има нешто ама многу  етајно!

**ФЈОДОР**
Што е тоа?

**ХАМЛЕТ**
Не можам да ти кажам туку така!

**ФЈОДОР**
Те молам! Кажи ми, те молам?

**ХАМЛЕТ**
Се спрема завера!

**ФЈОДОР**
Завера? - Против кого?

**ХАМЛЕТ**
Не се знае, чичко ми и мајка ми ја спремаат!

**ФЈОДОР**
Аман драги принцу!

**ХАМЛЕТ**
Да бе, само тајна е, не кажувај никому! Ај сега со здравје остани, морам да си одам *(Си оди).*

**ХОМЕР**
*(Влегува полугол)* Што правиш тука Лаерте?

**ФЈОДОР**
Длабок поклон кралу, еве дојдов да се видам со Хамлет, ама ми ја испи ракијата!

**ХОМЕР**
Пушти, пијаница … туку кажувај  ново, што има ново?

**ФЈОДОР**
Нема ништо посебно Кралу освен една тајна …

**ХОМЕР**

*(Зема меч и му го става на гркланi)* Зарем немаш меч, брани се! Ако чуваш тајна пред родениот крал биди спремен да умреш машки! Од раката на родениот крал!

**ЛАЕРТ**
Не кралу, јас веднаш ќе ти кажам!

**ХОМЕР**
Побрзај …

**ЛАЕРТ**
Хамлет знае дека спремаш завера!

**ХОМЕР**
Каква завера?

**ФЈОДОР**
Не знае каква, а знае дека е завера!

**ХОМЕР**
Така ли … мора нешто да смислам … ајде сега да си одиме, ако има нешто ново јави ми (*Си одат двајцата)*

**НОРМА**
*(Влегува пасејќи едно јагне)*

**ЕЛЕНА**
*(Влегува полугола, ја здогледува Норма)* Тука си кучко … сега ќе ти покажам јас тебе!

**НОРМА**
Што ти стана кралице вака наеднаш - немојте, помош *(се грабнуваат за коси)* ве молам помагајте … не ме тепај …

**ЕЛЕНА**
Какви магии му правиш на Хамлет што нема веќе ерекција?

**НОРМА**
Никакви жими брат, со мене има нормален однос!

**ЕЛЕНА**

Со тебе има, а, со тебе има – е, сега ќе платиш *(Се скубат, врескаат)* затоа што го искористуваш!

**НАПОЛЕОН**
*(Влегува со шише во рака, стои отстрана ги гледа)* Да се биде или не е работава? Коси ќе си искубат, мора да ги разделам. Разделете се луди женишта, за што се тепате!?

**ЕЛЕНА**
Заради твојата ерекција, која викаш дека ја немаш пред родената мајка, а со оваа пачавра ја имаш! Ќе видиш ти Хамлете. Ќе завршиш исто како татко ти! *(Се удира по уста)* Што сé изналајав. Збогум. *(Си оди)*

**НОРМА**
Ја слушна што рече, ја слушна ли? – Јас ти викам дека мајка ти не те сака, а ти се караш нон - стоп со мене заради неа! Срам да ти е. Само јас те сакам на овој свет, а ти тоа не го гледаш!

**НАПОЛЕОН**
Ништо не те разбирам Офелија што зборуваш?

**НОРМА**
Доцна е Хамлете, јас не можам да го трпам повеќе твоето однесување. *(Си оди)*.

**НАПОЛЕОН**
Светот полудел сам од себе, бог да чува! *(Си оди пиејќи)*

**ЕЛЕНА И ХОМЕР**
*(Влегуваат расправајќи се нешто)*

**ЕЛЕНА**
Така ќе направиме и готово. Ќе ја убиеш Офелија и на Лаерт ќе му кажеш дека Хамлет ја убил и овој ќе потрча да го убие Хамлет. Со еден удар две муви!

**ХОМЕР**
*(Шепоти)* Фјодоре, оваа драма ептен нема смисла, знаеш и сам дека текстот не е вака!

**ФЈОДОР**
Терај само Хомере, никој ништо не забележува ... Публиката ужива!

**ХОМЕР**
Добро луда жено нека биде. *(Влегува Норма)* Офелијо, ела ваму!

**НОРМА**
Повели кралу?

**ХОМЕР**
Ти Офелијо кого сакаш повеќе - мене или Хамлет?

**НОРМА**
Како да ви речам кралу ... па Хамлет го сакам повеќе! – А зошто?

**ХОМЕР**
*(Ја прободува со мечот)* За да прашаш! (*На Елена)* Што сега кралице!?

**ЕЛЕНА**
Доаѓа Лаерат, преправај се дека плачеш!

***П л а ч а т***

**ЛАЕРАТ**
О мила сестро, леле црно време – што се случило?

**ХОМЕР**
Сигурно е Хамлет, тој е виден последен со неа?

**ЛАЕРАТ**
Ќе го убијам! Кралице го повикувам вашиот син на двобој!

**ЕЛЕНА**
Законот е закон и тука не можам да му помогнам на своето дете.

**НАПОЛЕОН**
*(Пиејќи и пеејќи)* Што се случило?

**ФЈОДОР**
*(Го зема мечот од Хомер му го фрла на Хамлет)* брани се ти убиецу на сестри.

**НАПОЛЕОН**
*(Почнува да мечува)* Значи тоа е заверата, ти чичко замеси сѐ – Или ти мајко, затоа сите вие ќе умрете *(Ги коли сите од ред)!* – Бидејќи останав сам на светот сега ќе мора да се напијам за да заборавам! Ух крај на шоуто Русину, да се поклониме?

**ФЈОДОР**
Апсолутно! Драга публико, заради технички причини од суфлерски карактер, вечерва видовме поинаква верзија на Хамлет, а мора да се признае истата потсетуваше на оргиналниот текст, но што да се прави, нашето братство ве кани на утрешната проба на претставата "Баал" од германецот Брехт, близок соработник на ѓаволите но и на анѓелите. Што ќе рече дупли шпион!

**НОРМА**
Наполеону, слушате?

**НАПОЛЕОН**
Што? Што да слушам?

**НОРМА**
До кога сакате да ви повторувм! – Го слушате ли Вагнер?

**НАПОЛЕОН**
Јас сум наполно глув, читам од усни! Ебаго Вагнер.

## IV. НАМЕСТО ПРОБА РАЗГОВОР ЗА ЕДЕН ЕВРЕИН

*Сцената претставува отворен театарски просцениум со запалени рефлектори по чигите и мостот зад бината. Висат портали и парчиња од сценографии на стари претстави. На средина има една фотелја за сончање во разни бои, чадор за сончање отворен и фрла сенка на фотелјата. До нив стои*

*спортски моторцикл, а Норма седи врз него додека ветерот и ја лулее русата коса.*

**НОРМА**
Јас не можам да имам проба!

**ФЈОДОР**
Таа не може да има проба, слушаш Хомер, Норма не може или не сака да го игра Брехт!

**НОРМА**
Јас едноставно сум ладна во однос на тој господин!

**ФЈОДОР**
И треба да си ладна во однос на тој господин, така ќе го разбереш полесно.

**ХОМЕР**
"Баал" – Русину, јас сум премногу слеп да бидам Баал. Подобро да немаме проба!

**НАПОЛЕОН**
Така е – да се нема проба!

**ФЈОДОР**
Оскаре ти што мислиш?

**ОСКАР**
*(Му никнала глава ама без нос и очи, има само уста, врз косата навлечен шешир до горната усна)* Јас мислам да се вратиме во минатиот век варварину. Да појдеме со лотката во земјата на мртовците што пеат блуз. Некаде во Адот ги изгубив очите, сакам да си ги најдам! Ми се смачи од театар!

**НОРМА**
Ете и Оскар рече дека не сака да има проба!

**ЕЛЕНА**
А јас баш би сакала да имам проба!

**ХОМЕР**

Пробајте ти и комарџијата, ние сме уморни, многу уморни од ова долго патување во ноќта!

**НОРМА**
*(Застанува на седлото на моторот па сега и се лулее и фустанот на ветерот).* Долго патување во ноќта! – Ми мириса на Њу Орлеанс!

**НАПОЛЕОН**
Ти мирисаш на Њу Орлеанс. Мирисаш на улиците на бурбон и гласот ти е како на труба со скратена хорна. Такви труби свират во клубот "Хел" во Њу Орлеанс, Лузијана.

**НОРМА**
Јас сакам да мирисам на сено.

**ОСКАР**
Мразам сено!

**ФЈОДОР**
Мир! – Тишина. Без разлика што е проба, нас овде некој не гледа. Не демне Големата Сестра на Големиот Брат, знаете ли дека може да пушти телеграма секој миг.

**ЕЛЕНА**
Што да правиме тогаш?

**ХОМЕР**
Да се преправаме!

**ОСКАР**
Да се преправаме дека имаме очи! – Ете јас можам да се преправам дека имам едно око за почеток!

**НАПОЛЕОН**
*(На Фјодор)* Откако му никна глава на дебелиот Ирец стана мек како крокодилско јајце. Тоа е сомнително!

**ФЈОДОР**
Ние стануваме сомнителни Бонапарта, јас ти и тие! Мора нешто да се преземе, а јас немам ниту мала идеја. Мојот учител ми викаше – ако имаш макар третина идеја укради ја и со неа

под пазува, тури ја испод перница. Потоа оди в црква и никому не кажувај дека имаш идеја!

**ЕЛЕНА**
*(На Хомер – покажувајќи на Норма)* Колку е убава, има бели нозе.

**ХОМЕР**
Навистина – сакам да можам да гледам!

**НОРМА**
Баќушка ајде да зборуваме за сексот!

**ФЈОДОР**
За сексот?

**ОСКАР**
За ирскиот секс!

**НАПОЛЕОН**
За меѓународниот секс!

**ХОМЕР**
Да зборуваме за сексот на слепо! Да имаме секс пред луѓево?

**ФЈОДОР**
Јас немам идеи, јас само така реков!

**ОСКАР**
Тоа е невкусно Достоевски. Знам примери кога умни глави зборувале за секс. Себе си се сметам за умна глава!

**НАПОЛЕОН**
Без очи и без нос, од капата не можам да видам колкави ти се ушите. Ирската глава може да биде тврда глава, ама умна - тешко!

**ФЈОДОР**
Белки нема да се вреѓаме!

**НОРМА**
Психопатолошки е да се карате! Знам еден евреин од Виена што ја објасни космичката правда низ сексот како основно дејствие.

**ФЈОДОР**
Зборувате за Сигмунд. Зборувате за малиот Сигмунд што тајно ги читаше моите послаби романи и ноќе пред спиење планираше да се прослави! Ах, Сигмунд Фројд … гони го у мајчина!

**НОРМА**
Колку е возбудлива музикава. Тристан и Изолда, Наполеону ќе мора еднаш да ја одиграте Изолда во оваа опера на РихардВагнер, таа вам ќе ви прилега!

**ФЈОДОР**
Човекот е потполно глув Норма и тоа добро го знаеш. Оглуве на десет милји пред Москва. Не можеше да ги поднесе топовите на мојот далечен роднина, генералот Кутузов! Грузиец маскиран како Русин. Бонапарта оттогаш ако не те гледа меѓу заби не те разбира. Како пес. Пците читаат од устата.

**НОРМА**
Сигмунд Фројд. Тој човек отсекогаш сум го сакала. Коњот во моите сни бил татко ми! А никогаш во животот не сум сонувал коњ.

**ФЈОДОР**
Ми раскажуваа пријателите подоцна дека малиот Сигмнуд се обидел да фрла зарови. Ме имитирал. Пратил двајца Ерменци во долга црна лимузина да го платат мојот коцкарски долг во градската комарџилница во Женева. Еј Швајцарија е тоа, не е глува мачка.

**НАПОЛЕОН**
Дебелиот Ирец знае повеќе од нас за тоа!

**ФЈОДОР**
Не верувам, јас сум духовниот татко на малиот Сигмунд!

**ОСКАР**

Можеби е така, меѓутоа тој не успеа да сфати дека телото е топлокрвно како кај животните и дека никогаш нема да се смени филозофијата на луѓето. Ако чувствуваат со мозокот луѓето стануваат артисти. Запишал Дени Дидро. Го знаете Дидро? Го знаете ли воопшто Дидро?

**ЕЛЕНА**
Не верувам дека некој ја знае таа таинствена личност. Ајде ние да го пробаме она експресионистичко дело од Брехт!

**ФЈОДОР**
Јас го мислам истото!

**ОСКАР**
Во една пригода во кафето "Ројал" на ќошето на Пикадили Сиркл, Сигмунд со чаша бело вино во левата рака ми кажа дека жените всушност им се љубоморни на мажите што немаат пенис. Тоа мора да признаете дека е интригално прашање и во општите медицински науки и во секојдневниот живот.

**НАПОЛЕОН**
А ти, кому си му ти љубоморен што немаш очи?

**ОСКАР**
Тоа е примитовно Бонапарта, Русинот нема душа па што? Што е побитно – очи или душа?

**ФЈОДОР**
Дали би сакал да се посончаш Оскаре. Можеби од сонцето ќе ти се ококорат закржлавените дупчиња под шеширот. Дојди и седни во фотелјата ние ќе те измачкаме со лосион за сонце. Сакаш да станеш кафеав со мирис на бадем или можеби сакаш малку црвенило на твоето бело кожиче?

**ОСКАР**
Ве молам господо …

**ХОМЕР**
*(Го седнува во фотелја за сончање)* Норма, собери го чадорот, нека го удри сонцето со своите ултравиолетови куршуми низ големата озонска дупка над Мадагаскар!

**НОРМА**

Сте биле таму?

**ХОМЕР**
Таму ослепев мила моја, токму кај Мадагаскар.

**ЕЛЕНА**
Тоа беше златно време – време на озонските дупки над Мадагаскар. Знае ли некој од вас каде е Мадагаскар?

**НАПОЛЕОН**
Јас знам кај е гостилницата "Кај петелот" во Ница. Таму служат солена скуша и тешко вино. Скушата не се плаќа, а виното се пие со црево.

**ФЈОДОР**
Дали приметивте дека работите се губат од контрола?

**НОРМА**
Не би требало, ова е еден обичен разговор за сексот!

**ФЈОДОР**
Тоа веќе има смисла. Ова требаше да биде нашата едночинка за смислата, ајде да се вратиме во пиланата кај мртвиот господин Бекет. Можеме таму да ја прикажеме оваа едночинка. Сигурно нема веќе озонски дупки и сонцето полека ќе зајде додека стигнеме.

**ЕЛЕНА**
Како ќе патуваме?

**ФЈОДОР**
Со лотката на Хомер. Да одиме!

**НАПОЛЕОН**
*(Весело)* Ти го знаеш патот низ шарената река Ад?

**ХОМЕР**
Јарболот е скршен, едрото е скинато, а на дното има дупка!

**ФЈОДОР**
Мил мој Хомере, знаеш дека дупките сами од себе ќе се затворат, дрвото ќе изникне во нов јарбол, едро не ни треба.

Оскар има сила. Ќе весла побргу од најбргу што може. Тргнуваме.

*Тргнуваат. Сите одат.*

**НОРМА**
Застанете!

**СИТЕ**
*Стојат во место*

**НОРМА**
Слушајте! Слушајте внимателно!

**ФЈОДОР**
Слушаме внимателно, што да слушаме?

**НОРМА**
Вагнер ни се приближува, не знам од каде, но тој е сé поблизу и поблизу!

**НАПОЛЕОН**
Ви реков десет пати дека сум глув. Да одиме.

**ФЈОДОР**
Капетану викни ја лотката ќе одиме повторно во минатиот век. По некоја од делтите на Ад.

**ХОМЕР**
Разбирам варварину! … *(Се смее. Потоа ја вика лотката)*

## V. ВРАЌАЊЕ ВО СОБАТА КАЈ ПИНТЕР НАМЕСТО ЕПИЛОГ

*Сцената претставува вкусно наместена дневна соба со шест столици од махагони и грамофон. На ѕидовите висат портрети, пејсажи и мртви природи од живи растенија. Тапетот е типично британски. Над влезната врата виси дипломата за завршени студии на светски познатиот доктор Менгеле. Има колекција на старо оружје и разгледници од битката кај Ватерло. На сред соба наместо маса јарболот на Хомеровата лотка извира од подот како гејзер. Фјодор и*

*младото братство се облечени во костуми од шеесетите години, а госпоѓиците во шарени фустани. Лустерот сениша како да имало вертикален земјотрес.*

**НОРМА**
Сé уште не можам да разберам што се случило со лотката?!

**НАПОЛЕОН**
Ништо посебно, не исфрли некој вулкан во нечиј стан. Каква беше црвената лава, толку течна. Нејзините пламенчиња се мешаа со оксидите во воздухот и создаваа дијаманти. Притисокот имаше илјадници атмосфери. Тоа се случи Мерилин, ништо друго.

**ФЈОДОР**
Ако прочитав убаво на влезната врата, оваа е дневна соба во станот на некој господин Харолд Пинтер. Звучи толку англиски.

**ОСКАР**
Не е Ирец сигурно. Не е ниту Евреин. Ова е Лондон, чувствувам по мирисот на собата и ако немам нос.

**ФЈОДОР**
Што мислите вие старите Грци?

**ХОМЕР**
Празнина. Празнина и ништо повеќе, би сакал да отпеам една жална песна.

**ЕЛЕНА**
Ова е некој друг свет. Нема Тројанци, нема лакови и стрели и никој не води војна. Би сакала да се вратам дома. Кај мојот маж. Никогаш повеќе нема да легнам со Парис, Тројанецот, ветувам. За Пинтер не сум чула, можеби ќе сакам да го запознам? Згоден ли е?

**ХОМЕР**
Што ќе речеш ти на сé ова варварину?

**ФЈОДОР**

Би сакал да изведеме нешто што значи, би сакал да си кажеме по некој пристоен збор од нашите сопствени биографии. Ќе може ли?

**НАПОЛЕОН**
Да, ќе може – јас би можел да почнам прв!

**НОРМА**
Чекајте! Слушајте!

***П А У З А.*** *Слушаат!*

**ФЈОДОР**
Јас можам да наслушнам некои шумови … неодредено!

**НАПОЛЕОН**
Се чини повторно ја слушате таа проклета музика на Швабата! Како да криете некоја тајна од нас?

**ОСКАР**
Можеби таа ќе сака да раскаже како умре? *(Се смее. Сите се насмевнуваат)*

**НОРМА**
Чекорите наближуваат!

*Слушаат*

**ФЈОДОР**
Какви чекори по ѓаволите?

**ХОМЕР**
Има некакви чекори, потковани обувки и слично. Тој што чекори има тешки стопала.

*Тропање на врата*

**НОРМА**
Слушнавте?

**ФЈОДОР**
Глупости … нема потреба од ваква напнатост, тоа сигурно е сопственикот, господин Пинтер! Влезете слободно напред.

*Тропање на вратата.*

**ФЈОДОР**
Влезете ние сме безопасни, само патуваме во минатиот век. Ние сме отпадоци на историјата!

**ЕЛЕНА**
*(На Хомер)* Страв ми е!

**ХОМЕР**
Не плаши се, ќе помине, како се што поминува на оваа слепа кучка што ја викаат бела планета Земја. Само ние ќе останеме. Ние и смешната страна на историјата.

*Вратата се отвора. Влегува Вагнер!*

**ФЈОДОР**
Седнете господин Пинтер, ние не сакавме да влеземе тука, но јарболот ни се заби во вашиот под, нас не исфрли еден вулкан. Тоа е се!

**ВАГНЕР**
*(И приоѓа на Норма)* Се викам Рихард. Ти благодарам што дојде.

**НОРМА**
*(Исплашена побегнува кај Фјодор)* Јас не дојдов. Ви кажа Русинот. Ние патуваме низ жешките гејзери. Тука сме ненамерно.

**ВАГНЕР**
Но ти ја слушаше мојата музика? Ти знаеш сé за мене? Цело време.

**ОСКАР**
Ти си проклетиот Вагнер што бучеше додека ние ги изгубивме очите во шарената река Ад? Ти треба да висиш на бесилка пријателче. Опасен си за ова братство. На крајот на краиштата ние сме историски личности!

**ФЈОДОР**
Знае Оскаре, тој тоа го знае. Тој знае сѐ! Претпоставувам дека вие ги праќате телеграмите господине Рихард?

**ВАГНЕР**
Јас? Да јас ги праќам телеграмите.

**ФЈОДОР**
Зошто?

**ВАГНЕР**
Сакав да се сретнеме, да ве видам и да снимам еден филм. За вас! Скормно нели? (*Се смее)*

**НОРМА**
Што ќе правиме сега?

**ВАГНЕР**
Ништо специјално. Ќе заборавиме на синтетичката уметност. Ќе заборавиме на семиотичките кутии и херменаутичките суштини. Денес луѓето гледаат Мјузик Телевижн и јадат вештачко месо. Би сакал да ми ги раскажете животните приказни!

**НАПОЛЕОН**
Слушни ти нацисто еден! – Кој ти го дава правото да дојдеш овде и да бараш да ти се исповедам. Ти би требало да си во собава, а јас зад онаа врата од каде што влезе!

**ФЈОДОР**
Рихард е во право. Можеби некој сака да чуе нешто од нас, од наша уста директно. Да провериме дали има нешто за пиење во станот на Харолд, патем Рихарде кој е тој Харолд Пинтер?

**ВАГНЕР**
Нешто како нас, само не е од минатиот век. Живее во времето на Норма. Добар човек! Современик!

**НОРМА**
*(Наточува шампањско, ги послужува сите)* Сигурно е вкусен!

**ВАГНЕР**

Како вашите нозе!

*Пијат. Полека пијат.*

**ХОМЕР**
Ти момче што се нарекуваш Рихард, дали знаеш дека ако ти ги раскажеме нашите приказни, ова ќе биде крај. Повторно ќе има заплети и карактери, ќе оживее музиката, луѓето ќе бараат мисла, дијалог?

**ВАГНЕР**
Знам!

**ФЈОДОР**
Ова е патетично! Елена почни ти, Рихард сигурно нема време за губење. Тој мора да оди да ја стави својата десна рака во срчи за да пати. Без болка нема уметност! – Прав ли сум?

**ВАГНЕР**
Да! – Ако немате против да започнеме со вас Елена, а?

**ЕЛЕНА**
Што да започнеме со мене?

**ФЈОДОР**
*(Ја прегрнува)* Не провоцирај мила, дај му ја твојата приказна, колку побргу завршиме толку побргу публиката ќе може да се врати во своите гробови и да гледа Мјузик Телевижн.

**ЕЛЕНА**
Јас сум Спартанка. Една вечер го намамив Парис. Убавиот Парис. Тој дојде со крилјата на боговите и ме задоволи. Ме задоволи жестоко. Рогозината под нас личеше на мокра крпа за бришење подови. Не можев да го пуштам да си оди. Побегнав со него. Отидовме во Троја. Прекрасен град. Ме потсеќа на земјата на белите нарциси. Таму живеевме се додека мојот бивш маж не направи ршум и колеж. Хомер сé тоа убаво го сними и запиша. Рихарде ако некогаш имаш слободно време прочитај ја Хомеровата "Илијада", тој, на пример по целиот пат на нашата лотка ја слушаше твојата музика.

**ВАГНЕР**

Ќе ја прочитам, ветувам. Норма Џин може уште малку шампанско?

**НОРМА**
Секако.

**ФЈОДОР**
Ти си на ред Хомер!

**ХОМЕР**
Елена беше најубава жена на светот. Не сонуваше коњи и не им беше љубоморна на мажите што имаат пенис. Елена едноставно беше најубава жена на светот. Јас во тоа време пловев со Одисеј рибарот од Итака и маж на Пенелопа, околу Мадагаскар. Фаќавме сабјарка. Тоа беше најбарана риба. Еден петок ја видов Елена како лета по небото. Убава. Поубава од сокол. Погледнав право низ озонската дупка и ослепев. Оттогаш пеам жалосни песни. Ако ја прочитате Илијадата господине Вагнер ќе разберете зошто сум во собата на Харолд. Ви ветувам.

**ВАГНЕР**
Благодарам Хомер, кој е следен, Достоевски?

**ФЈОДОР**
Не знам, дали можете да следите. Секој ден моќта дасе перципира - кај луѓето се намалува. Кај делфините пак, затоа расте. Сакате да чуете уште некоја приказна?

**ВАГНЕР**
Ги сакам сите!

**ФЈОДОР**
Мојата?

**ВАГНЕР**
Не, со тебе почнавме, со тебе ќе завршиме. Норма Џин може твојата ?

**НОРМА**
Нема веќе Рихарде!

**ВАГНЕР**
Не тоа мила, твојата приказна!

**НОРМА**
Како дете ги читав писмата што Бонапарта и ги праќал на својата полска курва. Дури гледав и еден филм. Сакав да станам полска курва. Сакав се до оној момент додека не сфатив дека Корзиканецот ќе заврши како црн гавран на оголена жица на државната електрична компанија  на САД. Потоа почнав да се дрогирам и да пуштам војници во себе. Запознав и еден писател. Ми беше маж, не  сакаше да имаме бебе. Морав да го оставам кога претседателот ми нареди да спијам со него секоја втора сабота. Тоа беше премногу. Една вечер умрев. Без причина. За Харолд сум слушнала, ама не го познавам. Европа всушност не ја запознав.Немав време!

**НАПОЛЕОН**
Имаш нешто против Европа Норма? Рихарде ако сакаш да слушнеш што имам јас да кажам за Полска, за себе и за Европа …

**ВАГНЕР**
*(Го прекинува)* … доволно е Бонапарта. Норма кажа доволно!

**НАПОЛЕОН**
Но, јас имам право?

**ВАГНЕР**
Да, во Франција. На овој свет, за жал, немате никакви права Бонапарта. Го немате и простото право на глас. Разбра?!

**ОСКАР**
Немојте со расправии, тука сме собрани сите цивилизирани луѓе. Ете јас би сакал да можев да гледам, ама се уште не можам. Но во блиска иднина …

**ВАГНЕР**
Кој е овој Достоевски?

**ФЈОДОР**
Оскар, дивиот Ирец и демагог. Да го запрам?

**ВАГНЕР**
Не, не … пушти го, беше забавен неговиот шешир.

**ОСКАР**
И така, како што реков. Имам напишано голем број драми. Сум се шетал по улица во костимите на моите ликови. Луѓето се вртеле и се чуделе. Еднаш во Сан Франциско зборував за улогата на цветот од сончоглед во современата мода. А сега? Сега веќе нема правци. Се мешаат стилови, се навраќаме на старите жанрови. Јас господине Рихард можеби не сум познат како моите собраќа од братството, но заслужувам да патувам со нив.

**ВАГНЕР**
Не заслужуваш дебел Ирецу. На враќање ќе го оставиме на полицијата во шарената река Ад. Кај луѓето со нозе до колена. Ќе речеш нешто Фјодоре?

**ФЈОДОР**
*(Кашла)* Наутро пред да го изедам појадокот добивав епилептични напади. Можеби глумев. Не заради друго, туку затоа што сум лош човек. Не верувам во бога и не одам по лекари. Јас сум мајстор на карти и редовно го победувам сијамското куче Шарпланинец чуварот на Ад. Глупаво е да ти зборувам Рихарде, ти и онака знаеш сé. Можеби е ред да кажеш и ти нешто.

**ВАГНЕР**
Норма, пушти ја музиката!

**НОРМА**
*(Ја зема плочата. Ја пушта на грамофонот. Моцарт)*

**ХОМЕР**
Ова не е жална песна. Ова мене ме засмејува!

**ВАГНЕР**
Ова е Моцарт слепецу. Малиот Волфи. Да, Бонапарта и тој е Шваба. Сите освен вие овдена се Шваби. Толку од мене јас сега морам да одам и да се сретнам со Харолд во клубот на англиските писатели. Среќен пат и збогум назад во времето! *(Излегува низ вратата, бесшумно. Моцарт свири).*

## ВТОРА СЛИКА ОД ИСТА СЦЕНА

*Јарболот на лотката изникнал до таванот. Сите стојат околу.*

**ХОМЕР**
Да појдеме варварину, да ги оставиме луѓето да се вратат дома. Никој од нас нема право да ги вознемирува нивните душиво нивните ковчези.

**ФЈОДОР**
Фаќајте се за јарболот пријатели. Ќе полетаме. Ќе летаме на шарената река Ад. Ќе пееме жални песни.

*Сите се фаќаат*

**НОРМА**
Слушајте!

**НАПОЛЕОН**
Одбивам да го слушам Вагнер!

**ФЈОДОР**
Ти си глув. Едноставно си глув.

**НАПОЛЕОН**
Сеедно, одбивам да имам нешто со Вагнер.

**НОРМА**
Слушајте, тоа е "Холанѓанинот што лета!"

**ОСКАР**
Кој?

**НОРМА**
"Холанѓанинот што лета!"

*Смеа. Почнува полека, за да прерасне во хистерија.*

**ФЈОДОР**

Сега ќе го земам микрофонот за да објавам крај. *(Го зема микрофонот)* Ова е крај. Полетуваме. Збогум Рихарде, одиме во минатиот век, кај шарените води на Ад. Збогум Вагнер!

*Јарболот почнува да плови. Елена и Норма се држат, а Хомер, Наполеон и Оскар ги придржуваат.* Фјодор *седнува на врвот на јарболот, се фаќа за дулбијата и гледа пред себе. Бродот отпловува, а тие одлетуваат со него. Станот на Господинот Пинтер останува празен. Одеднаш снемува струја. Се слуша само Моцарт. Некаде на небото паѓаат ѕвезди низ озонските дупки. Над Мадагаскар.*

*К р а ј*